Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр.161/19 и 229/20) Училишниот одбор при ООУ „Св. Климент Охридски“ Битола на седницата одржана на ден 23.02.2023 година го донесе следниот:

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
# за оценување на постигањата на учениците

## 1. Зошто е потребен етички кодекс за оценување?

Оценувањето е стручна, морална и хумана активност која влијае врз учениците, но и врз наставниците и родителите/старателите.

Оценувањето е метода за проценка на постигањата на учениците.

Оценувањето има значајна морална димензија.

Учениците се чуствуваат најмногу засегнати кога оценувањто не е коректно изведено.

Во процесот на оценување на наставниците им е потребна максимална поддршка од страна на учениците и родителите/старателите за професионално реализирање на оваа многу важна работна задача.

## 2. За кого се однесуваат одредбите од етичкиот кодекс?

Кодексот се однесува на сите вклучени страни при интерното оценување:

- учениците, чии постигања се оценуваат;
- родителите/старателите на тие ученици;
- наставниците кои се директно вклучени како оценувачи;
- директорите и стручните соработници во училиштата;
- локалната средина преку компетентни институции за образованието.

## 3. Цели на кодексот за оценување

- Поддршка на личните и професионалните вредности, како и професионалното однесување на наставниците и другите вработени во училиштето, со што се постигнува објективно и фер оценување на постигањата на учениците.
- Подигање на довербата во системот на образованието преку воспоставувањето етички норми во оценувањето на учениците.
- Сите страни од образовниот систем да постигнат консензус и заедничко разбирање на моралните и етничките вредности кои треба да се почитуваат.
- Да поттикне разговор за проценка на личните морални норми од страна на сите инволвирани страни во образовниот процес.

## 4. Појдовни етнички вредности

- Почитување
- Праведност
- Демократичност
- Интегритет
- Чесност
- Храброст

5. **Со донесувањето на кодексот, се донесуваат одредени правила кои секој треба да ги почитува, така:**

***<u>Учениците се обврзуваат:</u>***

- Да се залагаат за правично и фер оценување, а против појава на причини што доведуваат до спротивното;
- Да ги почитуваат барањата и критериумите во врска со оценувањето;
- Да ги почитуваат советите од наставниците поврзани со учењето и оценувањето;
- Да се информираат за последиците од непочитување на критериумите и правилата за оценување;
- Да не се служат со недозволени постапки при оценувањето со цел да се добие повисока оценка од објективно стекнатата;
- Да не се злоупотребуваат одредени посредни или непосредни влијанија со цел добивање повисока оценка од реалната.

***<u>Наставниците се обврзуваат:</u>***

- Да се создади клима на правично и објективно оценување во училиштето;
- Да ја почитуваат приватноста на учениците во областа на оценувањето, без инволвирање на некомпетентни лица;
- Да обезбедат непристрасно, принципиелно, објективно и чесно оценување на учениците;
- Да обезбедат поддршка на учениците во процесот на оценување, со цел истите да се чувствуваат сигурни;
- Да одбијат секаков вид интервенции или други притисоци со цел ставање повисока оценка од заслужената;
- Да поддржуваат етничко однесување во процесот на оценување од страна на сите вклучени страни;
- Меѓусебно да соработуваат со цел поуспешно и пообјективно оценување;
- Да избегнуваат било каква дискриминација во процесот на оценување во однос на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здраствена состојба и општествен статус.

02-81/14
23.02.2023 година
Битола

Претседател на УО

_______________
Милена Мајсторовска